Врз основа на член 81 став (1) од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.32/20), министерот за транспорт и врски, донесе

ТАРИФНИК
ЗА ВРЕДНОСТ НА РАБОТИТЕ ОД УРБАНИСТИЧКОТО ПЛАНИРАЊЕ

Член 1

Со овој тарифник се пропишува вредноста на работите од урбанистичкото планирање односно висината на надоместоците за изработка на урбанистички планови од член 10 став (1) точки 1, 2, 3, 4 и 5, урбанистички проект од член 58 став (2) точки 1, 2, 3, 4 и 5 и став (6), урбанистички проект со план за парцелација од член 63, планска програма, стручна ревизија и стручни студии и елаборати неопходни за изработка на урбанистички работи од член 81 став (1) точки 1,2,3 и 4 од Законот за урбанистичко планирање (во натамошниот текст: Законот).

Член 2

Висината на надоместоците од овој тарифник се изразува во евра и се пресметува во денари според среден курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на исплата за услугата - изработката на планот и е дефинирана процентуална вредност помеѓу деловите од планирањето во однос на вкупната вредност на надоместокот за извршената работа од урбанистичкото планирање, без вклучен данок на додадена вредност.

Член 3

Висината на надоместок за извршените работи од урбанистичкото планирање се пресметува преку површина на планскиот опфат како главен показател, оптеретеноста на просторот во планскиот опфат којшто ја утврдува количината на трудот како и цената на трудот на планерите изготвувачи на плановите и коефициентот на работа на лиценцираната фирма – изработувач на планот.

Вредноста на работите од урбанистичкото планирање изразена во единица површина се пресметува согласно методолошкиот пристап за пресметка на планот даден во Прилог 1 - Методолошки пристап за утврдување на вредност за изработка на урбанистички планови, Прилог 2 – Табеларен преглед за реперни вредности за изработка на урбанистички план и урбанистички проект и Прилог 3 - Табеларен преглед за минимални и максимални цени за изработка на ГУП, кои се пресметани со сите фактори за планирање, кои се составен дел на овој тарифник.

Член 4

Висината на надоместокот за изработка на планската програма и стручната ревизија е изразена како процент од вредноста на надоместокот за изработка на урбанистичкиот план и урбанистичкиот проект, чија содржина е опишана во Прилог 1 Табела 1 - Опис на работите при изработка на планска програма и стручна ревизија, од овој тарифник.

Член 5

Процентуалното учество на висината на надоместок на основните фази во однос на висината на вкупниот надоместок за изработка на урбанистичките планови и урбанистичките проекти е дадено во Прилог 1 Табела 2 - Опис на работите при изработка на урбанистичка планска документација, од овој тарифник.

Член 6

Висината на вкупниот надоместокот за изработка на урбанистички план, урбанистички проект, планска програма и стручна ревизија во 2021, 2022 и 2023 година ќе се пресметува со 20% намалена вредност од добиената вредност согласно Прилозите 1,2 и 3 од овој тарифник.

Член 7

Овој тарифник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добиената согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Бр. _____
_____2021 година
Скопје

Министер за транспорт и врски,
Благоја Бочварски

ПРИЛОГ 1

МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Табела 1

Опис на работите при изработка на планска програма и стручна ревизија	
1	**Планска програма** (чл.44 од Законот) има текстуален и графички дел. Текстуалниот дел содржи анализа на степен на реализација на важечкиот урбанистички план, оценување на можностите и потребите за уредување на просторот во рамки на опфатот, заклучоци за просторниот развој што произлегуваат од планови и од стратегии за развој што се донесени на повисоко ниво на планирање, како и општи и посебни цели на планирањето. Графичкиот дел содржи граница на опфат исцртана на ажурирана геодетска подлога.
2	**Стручна ревизија** (чл.48 од Законот) Извештајот на стручната ревизија содржи: потврда на прифатли-вота и соодветноста на предложените плански решенија; дека се изработени во согла-сност со законите, прописите, стандардите и нормативите што ја уредуваат областа на урбанистичкото планирање; потврда дека планските решенија се во согласност со плано-вите од повисоко ниво на планирање; оправданоста на предложените плански решенија од аспект на остварување на целите и начелата од овој закон и од аспект на остварување на програмските цели и проекции од планската програма; оценка на реалноста и оства-рливоста на предложените плански решенија; укажување на недостатоци што треба да бидат корегирани и отстранети и укажување на можни алтернативни решенија и подобрувања на предложените плански решенија.
3	**Точниот процент од вредноста на минимален надоместок за изработка на урбанистичкиот план и урбанистичкиот проект, односно висината на минималниот надоместок за изработка на Планска Програма и Стручна ревизија е прикажан во Табела 17 (за ГУП) и во Табелите 18, 19, 20 и 23 (за ДУП, УПС, УПВНМ, УППГДЗ и УП), дадени во Прилог 2 од овој тарифник.**

Табела 2

Фаза	**Опис на работите при изработка на урбанистичка планска документација**	**100 %**
1	**Документациона основа** (чл.18 од Законот) има текстуален и графички дел, со нумерички податоци. Содржи ажурирана геодетска подлога со граница на опфат, изводи од планови од повисоко ниво на планирање, историјат на планирањето, студии, елабо-рати и работни материјали од сите области, податоци за природните и создадените чинители кои можат да влијаат на развојот на територијата, анализа на степенот на реализација на важечкиот урбанистички план, оценка за состојбата, можностите и ограничувањата во просторниот развој, утврдување на специфичности на подрачјето	**40**
3	**Планска документација** (чл.19 од Законот) **нацрт план и предлог план** има текстуален и графички дел, со нумерички податоци. Содржи: плански решенија и плански одредби, услови за градење и развој на просторот, мерки за заштита и општи и посебни одредби за спроведување на планот.)	**40**
3	**Постапување по стручна ревизија, стручна расправа, јавна анкета, забелешки од надлежни институции** (презентација на план, учество во јавна анкета и стручна расправа)	**15**
4	**Изработка на потребен број електронски и потребен број со закон утврдени печатени копии по донесување на урбанистички план во информациски систем е-урбанизам.**	**5**

I. ПРЕСМЕТКА НА ВИСИНА НА НАДОМЕСТОК ЗА ИЗРАБОТКА НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН (ГУП)

Методолошкиот пристап за определување на вредноста за изработка на генерален урбанистички план се заснива на пресметковни поени кои се дадени во табели за сите просторни карактеристики во опфатот на планот кои се множат со норма час за изработка на планот според стручна спрема и со факторот за трошокот за планерската фирма.

Како **норма час за изработка на планот** според стручна спрема се пресметани работните часови на сите учесници при изработка на планот за еден поен (за ГУП) помножени со предложена вредност на трудот во евра, пресметана како вкупна нето цена за поен при изработка на план.(Н)

Како **фактор на трошок за планерска фирма** даден е минимален коефициент на работа (К=4) во којшто се влезени сите надоместоци за вработените и трошоци од работата на планерската куќа.

1. ФОРМУЛА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ЦЕНА НА ГУП

(А + Б + В + Г + Д) х Н (178,5) х К (3,7)

А: површина

Б: број на жители

В: урбан развој на населеното место и ниво на градски центар

Г: постоење на планови од повисок или понизок ред

Д: фактори на комплексност во просторот

Н: вкупна нето цена за еден поен во €

К: коефициент на работа на лиценцирана планерска фирма

2. НОРМАТИВИ И ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕСМЕТКОВНИ ПОЕНИ за сите просторни карактеристики во опфатот на планот

За утврдување вредност за изработка, **цена** на планот количината на трудот се одредува врз основа на збир на поени од следните основни фактори дадени во табели А, Б, В кои се комбинираат со поените од табела Г и Д и се добива минимална и максимална цена.

табела 3- Фактор **А**: **Површина**

површина во хектари	**поени**
до 100	**25**
над 100 до 250	**30**
над 250 до 500	**40**
над 500 до 1000	**50**
над 1000 до 2000	**75**
над 2000 до 5000	**125**
над 5000 до 8000	**200**
над 8000	**250**

табела 4- Фактор **Б**: **Број на жители**

број на жители	**поени**
3000*	**20**
од 3.001 до 5.000	**30**
од 5.001 до 10.000	**40**
од 10.001 до 20.000	**50**
од 20.001 до 50.000	**75**
од 50.001 до 100.000	**150**
од 100.001 до 300.000	**450**
преку 300.001	**1750**

*Град со број на жители под 3000 се пресметуваат поени како за 3000 жители

Фактор **В**: **Урбан развој на населеното место и ниво на градски центар**

табела 5- *ниво на градски центри според ПП НА РМ*

Урбан развој на населеното место и ниво на градски центри	**поени**
Државен - републички центар (Скопје)	**1000**
Центар на макрорегион (Битола, Тетово и Штип)	**400**
Центар на мезорегион (Куманово, Прилеп, Велес, Охрид, Струмица, Гостивар, Кавадарци, Кичево, Кичево, Кочани)	**100**
Центар на микрорегион (Стуга, Гевгелија, Радовиш, Дебар, С.Николе,Неготино, Делчево, Крива Паланка, Виница, Пробиштип, Ресен, Берово, Кратово, Крушево, Валандово, Пехчево)	**50**
Локален центар – мала градска населба (Македонска Каменица, Демир Капија, Македонски Брод, Демир Хисар)	**20**

табела 6 – Фактор **Г: Постоење на планови од повисок или понизок ред**

Поени за постоење планови според ниво на центарот како припаѓа планскиот опфат					
Планови од повисок или понизок ред	републички центар	центар на макрорегион	центар на мезорегион	центар на микрорегион	локален центар
ажурирани планови	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**
не ажурирани планови	**250**	**150**	**75**	**50**	**10**
нема планови	**350**	**250**	**150**	**100**	**50**

Фактори на сложеност и комплексност се јавуваат во одредени простори и предизвикуваат дополнителна работа, односно додатни истражувања со кои обемот на работа се зголемува. Тие согласно законот се групирани во следните групи:

1. **природни влијанија***
    1. терени со изразит рељеф
    2. трусни подрачја со интензитет поголем VIII степени по MCS
    3. поголеми клизишта и нестабилни терени
    4. терени со високо ниво на подземни води, мочурливи терени, терени изложени на поплави, водотеци, изразита развиеност на брегот
2. **заштита на природата, природното наследство и животната средина***

a. строг природнен резерват/подрачје на дивина - I категорија на заштита
b. национален парк - II категорија на заштита
c. споменици на природата -III категорија на заштита
d. парк на природата - IV категорија на заштита
e. заштитен предел - V категорија на заштита
f. повеќенаменско подрачје- VI категорија на заштита
g. заштита и санација на езерата, водотеците, тлото, флората и фауната
h. заштита од бука
i. заштита од загадување на воздухот

3. **справување со климатски промени и со одпад***

a. справување со климатски промени предизвикани од урбанизација
b. справување со отпад во урбани средини

4. **заштита на недвижно културно наследство *:** поединечни споменици, споменички целини и културни предели
    a) културно наследство од особено значење / I степен на заштита.
    b) резервирана археолошка зона / I степен на заштита.
    c) значајно културно наследство /II степен на заштита.
    d) добро под привремена заштита /II степен на заштита.
    e) контактни зони на заштитено добро/ III степен на заштита
    f) културно наследство во опасност
5. **големи инфраструктурни зафати***

a. планирана железничка инфраструктура
b. сообраќајници од регионално значење
c. регионални хидросистеми, мелиорации и слично
d. пристаништа, аеродроми, регионални одводни системи
e. регионални енергетски системи

6. **мобилност и безбедност во сообраќај***
    a. спречување на бариери за лица со инвалидност
    b. влијание од работни зони
    c. влијание од големи инфраструктурни системи
    d. влијание од миграциските движења на населението
7. **озеленување на населби и животна средина***
8. **простори со посебна намена***
    a. наменети за воени или полициски активности

- *во табелите се обележани подгрупите на влијание од секој фактор на сложеност и комплексност на просторот*

табела 7 - Фактор **Г: Фактори на сложеност и комплексност во просторот**

Поени за коплексност во просторот според видот на факорот на влијанието и нивото на центарот						
Фактори на комплексност	**републички центар**	**центар на макрорегион**	**центар на мезорегион**	**центар на микрорегион**	**локален центар**	**населено место**
1).природни влијанија (a, b, c, d)*	12,5	10	7,5	5	2,5	0,5
2). заштита на природата, природното наследство и животната средина (a, b, c)*	25	20	15	10	5	2,5
(d,e,f)*	12,5	10	7,5	5	2,5	0
(g)*	17,5	15	12,5	10	5	2,5
(h,i)*	15	12,5	10	7,5	5	2,5
3).справување со климатски промени и со одпад (a)*	17,5	15	12,5	10	5	2,5
(b)*	15	12,5	10	7,5	5	2,5
4). заштита на недвижно културно наследство (a,b)*	25	20	15	10	5	2,5
(b,c,d,e, f) *	12,5	10	7,5	5	2,5	0,5
5).големи инфраструктурни зафати (a,b,c,d,e)*	25	20	15	10	5	2,5
6).мобилност и безбедност во сообраќај (a,b,c,d)*	7,5	5	5	5	5	2,5
7).озеленување на населби и животна средина	7,5	5	5	5	5	2,5
8.простори со посебна намена (a)*	15	12,5	10	7,5	5	2,5

(a, b, c, d, e, f)* Се набројани поединечни влијанија за секој од наведените фактори за сложеност и комплексност при планирање на просторот од текстот пред табелата

Вкупното влијание на овие фактори се пресметува со собирање на сите поединечни фактори, пришто секое посебно влијание се вклучува само еднаш, без разлика колку пати се наоѓа во просторот.

3. НОРМАТИВИ И ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА СТРУЧЕН ТРУД при изработка на план

табела 8 - *Норма час за еден поен*

стручна спрема	**норма - часови за еден поен**
ВСС планер со овластување	30
ВСС без овластување	12
Други стручни соработници	3
вкупно	**45**

табела 9 - *Збирна цена на норма час за изработка на ГУП*

стручна спрема	**норма - часови за еден поен**	**нето цена за еден час во €**	**вкупна нето цена за еден поен во €**
ВСС планер со овластување	30	4,7	141
ВСС без овластување	12	2,7	32,4
Други стручни соработници	3	1,7	5,1
вкупно	**45**		**178,5**

Цената за изработка на ГУП се утврдува кога за планскиот опфат ќе се соберат поените од табелите од 3 до 7 соодветно според графата во која се наоѓа.

Збирот на поените по сите критериуми се множи со вкупната нето цена за еден поен изразено во Евра (178,5 €) и се множи со коефициентот на работа (К=3,7) со која се утврдува конечната цена.

* Вредноста на норма час е пресметан според податоци од Државен завод на статистика на РСМ за просечна нето плата од 04.2020 год. изнесува 25.830ден, а бруто изннесува 38.567 ден. Односно вредноста на нето плата за урбанист-планер со овластување треба да изнесува 176 часа x 4,7€ = 827€, за инжинер без овластување 176 часа x 2,7€ = 475€,и за административец- почетник инжинер176 часа 1,7€ = 299€.

4. ОДРЕДБИ за примена на методолошкиот пристап за пресметка на цена на ГУП

I. Содржината на ГУП е во сé според Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

II. **Во цената е вклучен трудот за**: изработка на план, образложување на планот - јавна презентација, постапување по извештајот или записникот од стручна расправа како и по стручната ревизија и водење на целата постапка од нарачка до усвојување на планот електронски систем во е-урбанизам.

III. **Во цената не се вклучени следните работи:**

a. геодетско снимање на теренот во предлог планскиот опфат
b. детални истражувања на загрозеноста на животната средина
c. детални истражувања на природните фактори
d. детални геолошки истражувања
e. археолошки истражувања

f. детални сообраќајни студии
g. детални социолошки студии
h. детални економски студии
i. како и други студии за кои може да се укаже потреба пред или во текот на изработка на планот

IV. Изработка на измена и дополна на генералниот урбанистички план во плански период се нормира како процент од вкупната цена за изработка на нов генерален урбанистички план во зависност од обемот на работата и тоа на следниот начин:

a) измени и дополнувања кои не влијаат на планската програма, односно незначително влијаат на планот 10%
b) измени и дополнувања кои битно не влијаат на планската програма, односно планот
25%
c) измени и дополнувања кои условуваат помали корекции на инфраструктурната мрежа и планската програма, односно планот 40%
d) измени и дополнувања кои условуваат поголеми корекции на инфраструктурната мрежа и планската програма, односно планот 55%
e) измени и дополнувања кои условуваат во целост корекции на инфраструктурната мрежа и планската програма, односно планот 70%

V. Во колку се работи Генералниот план и во иста постапка **целиот планскиот опафат се разработува како детален урбанистички план**,цената се утврдува како цена на ДУП за цел плански опфат + цена за ГУП, намалена за 25%.

VI. Во колку се работи Генералниот план и во иста постапка **се разработува детално дел од планскиот опафат од генералниот план,** цената се утврдува како цена на ГУП за цел плански опфат + цена на делот со детално планирање како цена за ДУП, намалена за 25%.

VII. Цена на стручната ревизија на ГУП и цена на изработка на планска програма за ГУП, не влегуваат во цената на ГУП, но нивната вредност е изразена во % изнесува поединечно од 5 до 8,5% од пресметана цена на планот или вкупнен процент за двата документа изнесува од 10 до 17% од вредноста на ГУП-от. Исклучок е Град Скопје како метропола изнесува 3,5% од вредноста на цената на планот или вкупно 6%.

**Во табела бр.17 се прикажани реперни вредности на ГУП според површина на опфат и се се дадени процентите за Планска програма и за Ревизија на ГУП.*

II. ПРЕСМЕТКА НА МИНИМАЛНА И МАКСИМАЛНА ЦЕНА ЗА ИЗРАБОТКА НА:

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН,

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО,

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВОН НАСЕСЕНО МЕСТО,

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ

И УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

Методолошкиот пристап за определување на вредноста за изработка на ДУП, УПС, УПВНМ И УППГДЗ се заснива на пресметка на калкулативана површина од површината на планскиот опфат зголемена со коефициенти од фактори кои влијаат при изработка на планот и се дадени во табели за сите просторни карактеристики во опфатот на планот. Факторите на сложеност и комплексност се пресметуваат само за површината која е зафатена со одредено влијание и се додава на останатата калкулативна површина која се множи со норма час за изработка на планот според стручна спрема и со факторот за трошокот за планерската фирма, на оваа вредност се додава норма часот за идејните решенија за инфраструктура.

Вредноста на урбанистичкиот проект се пресметува според истата методологија, но на пресметаната вредност за урбанистичкиот дел, треба да се додаде и цената на идејниот проект за градбата вреднувана според тарифник за инжинерски услуги.

Како норма час за изработка на планот според стручна спрема се пресметани работните часови на сите учесници при изработка на планот за еден хектар калкулативна површина со предложена вредност на трудот во евра, пресметана како вкупно нето цена за хектар при изработка на план. (Н) Вредностите според вид на план дадени се во табела.

Како **фактор на трошок за планерска фирма** даден е минимален коефициент на работа (К=3,7) во којшто се влезени сите надоместоци за вработените и трошоци од работата на планерската куќа.

Количината (нормирањето) на трудот се утврдува врз основа на сите просторни елементи кои влијаат во изготвувањето на планот со додавање на нормативите за изработка на концептуални - идејни решенија за инфраструктурата.
(*Во овој случај идејните решенија за инфраструктура се земени во процент од вредноста на планот во износ од 15% и се додаваат во конечната цена*)
При утврдување на нормативите за изработка на урбанистичкиот план и урбанистички проект се подразбира дека од ГУП, УПС И УПВНМ кои се на сила ќе бидат познати следните показатели:

- површината на планскиот опфат
- важност на просторот во рамките на планскиот опфат
- планираната (условената) градба
- факторите на сложеност и комплексност во опфатот

1. ФОРМУЛА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ЦЕНА НА ДУП, УПС, УПВНМ, УППГДЗ И УП

За да се утврди минимална цената потребно е:

- се утврдува калкулативната површина (ПК) како збир на фактори од сите елементи кои се множат со површината на планскиот опфат и се добива калкулативната површина изразена во хектари.

  *** ПК = КП + ВП + ЦП + ФИ + ФК**

- Се утврдува бројот на норма - часови за изработка на планот, а на основа на утврдената калкулативна површина (ПК) и табелите со нормативи.
- Се додаваат норма - часови за идејните решенија за инфраструктурата, односно идејните решенија за градбите кај Урбанистичкиот проект (во колку се бара).
- Се утврдува цената на планот преку множење на добиените вредности за норма час со коефициентот на работа.

***Термини и поими користени во материјалот**

- површина на плански опфат ПО
- коефициент на корекција КК
- корегирана површина на планскиот опфат КП
- важност на просторот во рамките на планскиот опфат ВП
- центри во плански опфат (градски, секундарни) ЦП
- факторот на изграденост ФИ
- фактори на сложеност и комплексност ФК
  - природни ФК1
  - технички ФК2
  - културно историски ФК3
- пресметковна цена за изработка на ДУП ПЦ

2. НОРМАТИВИ И ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО, УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВОН НАСЕСЕНО МЕСТО, УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ И УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

Основни фактори во утврдување количината (нормативот) на трудот за ДУП, УПС, УПВНМ, УППГДЗ и УП е корегираната површина, фактор на важност на просторот, фактор на центар во опфат, фактор на изграденост и факторот на комплексност и обврски. Сите критериуми се прикажани како дел од калкулативната површина **ПК** опфатени со планот, а нивната величина е добиена врз основа оцената за интензитетот на делување во планскиот опфат.

При утврдување на нормативите за изработка на соодветен план се калкулира со површина на планскиот опфат (Ппо) која се корегира со примана на коефициентите, за сите фактори кои влијаат во просторот. Збирот на сите применети критериуми ја даваат калкулативната површина (**ПК**) во хектари (ха): **ПК = КП + ВП + ЦП + ФИ + ФК**

ОСНОВНИ ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА ЦЕНАТА СЕ:

1. Корегирана површина - КП

Коефициентот на корекција зависи од големината на површина на планскиот опфат. Коефициентите на корекција се множат со стварната површина (СП) и се добива корегираната површина (КП)

КП = ПО х КК

табела 10

Површина на плански опфат во хектари (ПО)	коефициент на корекција (КК)
до 1	5
1 до 2	3,50 - 2,80
2 до 5	2,80 - 2,20
5 до 10	2,20 - 1,60
10 до 20	1,60 - 1,50
20 до 40	1,50 - 1,40
40 до 60	1,40 - 1,20
60 до 100	1,20 - 1,00
над 100	1,00

2. Важност на просторот во рамките на планскиот опфат - ВП

Важноста на просторот во планскиот опфат произлегува од неговата положба и значење, коишто се утврдени со ГУП, во однос на градот, односно населбата. Според значењето се применуваат следните коефициенти:

ВП = ПО х КВ

табела 11

подрачје во коешто има влијание	коефициент на влијание (КВ)
реонско	0,10
градско (или општинско, кај план за село)	0,15
регионално	0,20
државно	0,25
посебно значење	0,35

3. Центри во планскиот опфат-ЦП

Ако во планскиот опфат со ГУП нема предвидени центри оваа табела не се користи, но во случај ако се предвидени центри од повисок ранг, градски центар или секундарен центар се применуваат следните коефициенти:

ЦП = ПО х ГЦ1 или СЦ2

табела 12

ранг на центар	ознака	Коефициент за (КЦ)
за градски центар	ГЦ1	0,25
за секундарен центар	СЦ2	0,15

4. Фактор на изграденост - ФИ

Факторот на изграденост зависи од планираната (според ГУП) бруто развиена површина во рамките на планскиот опфат. Планираната бруто развиена површина директно зависи од процентот на изграденост и коефициентот на искористеност на земјиштето во планскиот опфат. (Кизг).

ФИ = ПО x Ф

табела 13

изграденост на земјиште	коефициент на искористеност на парцела (Кизг)	фактор на изграденост(Ф)
ниска градба- во парцела од 1000 м^2 до 3000 м^2	0,06 - 0,84	0,10
ниска градба во низ на парцела од 120м^2 до 1000м^2	0,84 – 2,6	0,20
високо градба- калканско поврзани на парцели од 200 м^2 до 500 м^2	2,0 – 7,0	0,50
високо градба- слободностоечки згради на парцели од 2000 м^2 до 10000 м^2	1,2 – 7,0	0,70

5. Фактори на сложеност и комплексност - ФК (ФК1, ФК2, ФК3)

Факторите на сложеност кои предизвикуваат ограничување се земаат во обзир само во случаи кога се уредува и предвидува изградба во простор којшто има ограничување и обврски. Овие фактори се:

- **ФК1 -природни фактори*:**
  a. трусни подрачја со потреси поголеми од VIII степени по MCS скала
  b. клизишта, нестабилни терени
  c. терени со нагиб поголем од 22,5 степени
  d. мочварни терени, терени со високо ниво на подземните води, изразита разгранетост на крајбрежјето
  e. девастирани и деградирани терени

За величината ФК1 се зема измерената површина на природното ограничување во рамките на планскиот опфат.

- **ФК2 - технички фактори:**
  - градби од постоечката инфраструктура - патишта, мостови, електроводи, железници, подземни и надзимни крупни инсталации
  - градби од постоечката изграденост

За величината ФК2 се зема измерената површина на техничкото ограничување во рамките на планскиот опфат.

табела 14

Фактори на комплексност	републички центар	центар на макрорегион	центар на мезорегион	центар на микрорегион	локален центар	населено место
природни влијанија(a,b,c,d,e)*	1,25	1,0	0,75	0,5	0,25	0,05
Технички фактори зафати (a,b)*	2,5	2,0	1,5	1,0	0,5	0,25

- **ФК3 - културно историски фактори:**

Културно-историските фактори се применуваат кога во планскиот опфат постојат градби или целини кои се запишани во национален регистерот на културно наследство за недвижни добра како поединечни споменици, споменични целини и културни предели.

Вградувањето на соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи за културното наследство.

Категоризацијата е дадена за потребите на проценката на количината (нормата) на трудот и потребно е аналогно да се постапи во утврдување на категоријата согласно Законот за заштита на културното наследство.

За величина ФК3 се зема измерената површина на споменичкиот комплекс (ПСК) зголемена за коефициентот којшто припаѓа на одредена категорија.

ФК3 = ПСК x К

Резим на заштита од I степен (ФК3-I)

Во оваа категорија на културно наследство од особено значење спаѓаат: поединечни споменици - архитектонски градби, споменични урбани, рурални и други целини како и културни предели и резервирана археолошка зона, запишана во регистар на резервирани археолошки зони.

ФК3-I = ПСК x 1,50

- *Режим на заштита од II степен* (ФК3-II)

Во оваа категорија на значајно културно наследство спаѓаат: градби или поединечни споменични целини коишто во рамките на урбанистичката целина имаат посебна амбиентална целина со трајна вредност. Во истата категорија се и добро под привремена заштита -недвижни добра во урбан опфат предвидени за заштита во согласност со заштитно-конзерваторските основи,до донесување на актот за заштита, а се запишани во регистарот на добра под привремена заштита

ФК3-II = ПСК x 1,40

- *Режим на заштита од III степен* (ФК3-III)

Во категоријата на контактни зони на заштитено добро спаѓа просторот околу недвижноста што е од значење за зачувување на нејзиниот историски контекст со режим на заштита различен од режимот на заштита на недвижноста, што е предмет на заштита

ФК3-III= ПСК x 1,30

- *Режим на заштита од IV степен* (ФК3-IV)

Во категорија културно наследство во опасност спаѓаат градби од помала амбиентална вредност, како и градби коишто со накнадни адаптации го изгубиле својот изворен и автентичен облик во архитектонска или функционална смисла и се запишани во регистарот на културно наследство во опасност.

ФК3-IV=ПСК x 1,20

табела 15

Фактори на комплексност	Заштита од I степен	Заштита од II степен	Заштита од III степен	Заштита од IV степен
Културно историски фактори*	1,5	1,4	1,3	1,2

3. НОРМАТИВИ И ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА СТРУЧЕН ТРУД при изработка на план

Табела со нормативи и постапка за нивно утврдување

Нормата за работа план се утврдува по единица површина - хектар, односно збирот на норма -час за еден хектар за поединечна категорија на стручни лица.

табела 16- *норма час за изработка на ДУП, УПС, УПВНМ, УППГДЗ И УП*

Вид на документација	**Норма-ЧАСОВИ за еден хектар калкулативна површина**			**Вкупна нето цена за еден хектар калкулативна површина во ЕУР**
	Стручна спрема			
	ВСС – планер со овластување	**ВСС – без овластување**	**Други стручни соработници**	
ДУП и УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ со детална регулација	29,00	8,00	1,00	**159,60**
ДУП, УПС, УПВНМ, УП за подрачја и градби од државно значење, Урбанистички проект со детална регулација	24,65	6,40	0,80	**134,50**
УПС со генерална регулација	18,85	5,2	0,65	**103,74**
УПС со општи услови за градба	14,5	4	0,5	**79,80**
Нето цена за еден норма-час во ЕУР	**4,7**	**2,7**	**1,7**	

* Вредноста на норма час е пресметан според податоци од Државен завод на статистика на РСМ за просечна нето плата од 04.2020год. изнесува 25.830ден, а бруто изннесува 38.567 ден. Односно вредноста на нето плата за урбанист-планер со овластување треба да изнесува 176 часа x 4,7€ = 827€, за инжинер без овластување 176 часа x 2,7€ = 475€,и за административец - почетник инжинер 176 часа 1,7€ = 299€.

4. ОДРЕДБИ за примена на методолошкиот пристап за пресметка на цена на ДУП, УПС, УПВНМ, УППГДЗ и УП

1. Содржината на плановите мора да биде согласно Законот за урбанистичко планирање којшто е во сила и Правилникот за урбанистичко планирање.
2. **Нарачателот на планот е должен:** да ги обезбеди сите потребни документации за просторот, ажурирани геодетски подлоги, како и сите контакти со органи, организации и институции, како и невладини организации.
3. **Во цената е вклучен трудот за**: изработка на план, образложување на планот - јавна презентација, постапување по извештајот или записникот од стручна расправа како и по стручната ревизија и водење на целата постапка од нарачка до усвојување на планот електронски систем во е-урбанизам.
4. **Цената на Планска програма и Стручна ревизија** се изразени како %од цената на планот од 7,5 до 20% според површината на планот. Овие вредности се додаваат на вредноста која е добиена за изработка на урбанистички план. Цената на планската програма и стручната ревизија за истиот план се иста .

5. **Ако не постојат ажурирани планови од повисок ред,** во тој случај цената се зголемува до 30% од вредноста на урбанистичката планска документација.
(Под ажурирани планови се подразбираат оние планови чиј плански период, утврден со планот, се совпаѓа или делумно се совпаѓа со планскиот период на планот за кој се врши пресметка на цената за изработка на истиот.)

6. **Измена и дополна на планот** во плански период се нормира како процент од нов план во зависност од обемот на работата и тоа на следниот начин:
   a) измени и дополнувања кои битно не влијаат на планската програма, односно планот ---------- 30%
   b) измени и дополнувања кои условуваат помали корекции на инфраструктурната мрежа и планската програма, односно планот-----50%
   c) измени и дополнувања кои условуваат поголеми корекции на инфраструктурната мрежа и планската програма, односно планот-----70%
   d) измени и дополнувања кои условуваат во целост корекции на инфраструктурната мрежа и планската програма, односно планот-----90%

7. Урбанистички планови според закон:

- **ДУП -** Детален урбанистички план
- **УПС** - Урбанистички план за село со генерална и детална регулација со парцелација ,
- **УПС -** Урбанистички план за село со генерална регулација и општи услови за градење без парцелација
- **УПС** - Урбанистички план за село со општи услови за градење и регулација на земјиште од општа употреба и градба од јавен интерес без парцелација
- **УПСВНМ**- Урбанистички план за вон населено место со генерална регулација
- **УП -** Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење, кој се изработува согласно Просторен план на РСМ
- **УП -** Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење со детална регулација
- **УП** - Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за инфраструктура и супраструктура меѓународна, републичка, регионална и повеќе општинска

8. Урбанистички проект

- Урбанистичкиот проект **за парцелирано градежно земјиште** за поголема градежна парцела оформена со урбанистички план
- Урбанистичкиот проект за градежно земјиште за општа употреба – **јавни простори**
- Урбанистичкиот проект за градежно земјиште **за формирање на стопански и индустриски намени** дефинирани со ГУП
- Урбанистичкиот проект **за инфраструктура**
- Урбанистичкиот проект **за разработка на урбанистички план за село** за формирање градежна парцела

III. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД ЗА РЕПЕРНИ ВРЕДНОСТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН И УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

Табела бр.17 за реперни вредности за изработка на ГУП

Вид на план	Површина на план (ха)	Вкупно поени од основни фактори		Вкупно поени од сложеност и комплексност		Цена на поен	**Цена на ГУП**		Цена за Планска програма	Цена за Ревизија на план
ГУП		мин	мах	мин	мах	(€)	мин	мах	%	%
Генерално планирање	**до 100**	60	80	29	62	760	**67.597**	**107.851**	8,5	8,5
	100 до 250	90	130	62,5	137,5	760	**115.826**	**203.171**	7,5	7,5
	над 250 до 500	180	230	107,5	240	760	**218.361**	**356.973**	6,5	6,5
	над 500 до 1000	225	275	107,5	240	760	**252.540**	**391.152**	5	5
	над 1000 до 2000	325	400	145	332,5	760	**356.973**	**556.347**	5	5
	над 2000 до 5000	450	525	145	332,5	760	**451.913**	**651.286**	5	5
	над 5000 до 8000	1200	1300	182,5	425	760	**1.050.033**	**1.310.168**	5	5
	над 8000	3200	3300	225	530	760	**2.601.347**	**2.908.952**	3,5	3,5
Пресметување на вредност на план според начин на изработка изразен со %										
Детално планирање на цел опфат на ГУП = цена за ДУП+ цена за ГУП - 25%										
Генерално и детално планирање на ГУП = цена за ГУП+ цена за ДУП- 25%										

Табела бр.18 за реперни вредности за изработка на ДУП, УПС, УПВНМ, УППГДЗ СО ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ

Вид на план	Површина на план	Пресметана калкулативна површина од сите фактори во (ха)		Цена за 1 хектар калкулативна површина	**Цена на ПЛАН СО ДЕТАЛНА РЕГУЛАЦИЈА**		Цена за Планска програма	Цена за Ревизија на план
ДУП, УПС, УПВНМ,УППГДЗ	(ха)	мин	мах	(€)	мин	мах	%	%
Детален урбанистички план, Урбанистички план за село, Урбанистички план вон населено место и Урбанистички план за градби од државно значење	**1**	3.88	4.80	679	**2.614**	**3.259**	19	19
	5	12.75	17.50	679	**8.657**	**11.883**	15	15
	10	19.75	29.00	679	**13.241**	**19.691**	10,5	10,5
	20	37.00	56.00	679	**25.123**	**38.024**	9,5	9,5
	30	54.00	82.50	679	**36.666**	**56.018**	8,5	8,5
	40	71.00	118.00	679	**48.209**	**80.122**	7,5	7,5
	50	83.75	122.50	679	**56.018**	**88.270**	7,5	7,5
	60	93.00	150.00	679	**63.147**	**101.850**	7,5	7,5
	70	105.00	171.50	679	**71.295**	**116.449**	7,5	7,5
	80	116.00	192.00	679	**78.764**	**130.368**	7,5	7,5
	90	126.00	211.50	679	**85.554**	**143.609**	7,5	7,5
	100	135.00	230.00	679	**91.665**	**156.170**	7,5	7,5

Табела бр.19 за реперни вредности за изработка на УПС СО ГЕНЕРАЛНО ПЛАНИРАЊЕ

Вид на план	Површина на план	Пресметана калкулативна површина од сите фактори во (ха)		Цена за 1 хектар калкулативна површина	**Цена на ПЛАН СО ГЕНЕРАЛНА РЕГУЛАЦИЈА**		Цена за Планска програма	Цена за Ревизија на план
УПС	(ха)	мин	мах	(€)	мин	мах	**%**	**%**
Урбанистички план за село	**1**	3.88	4.80	441	**1.698**	**2.117**	19	19
	5	12.75	17.50	441	**5.623**	**7.718**	15	15
	10	19.75	29.00	441	**8.600**	**12.789**	10,5	10,5
	20	37.00	56.00	441	**16.317**	**24.696**	9,5	9,5
	30	54.00	82.50	441	**23.814**	**36.383**	8,5	8,5
	40	71.00	118.00	441	**31.311**	**52.038**	7,5	7,5
	50	83.75	122.50	441	**36.383**	**57.330**	7,5	7,5
	60	93.00	150.00	441	**41.013**	**66.150**	7,5	7,5
	70	105.00	171.50	441	**46.305**	**75.632**	7,5	7,5
	80	116.00	192.00	441	**51.156**	**84.672**	7,5	7,5
	90	126.00	211.50	441	**55.566**	**93.272**	7,5	7,5
	100	135.00	230.00	441	**59.535**	**101.430**	7,5	7,5

Табела бр.20 за реперни вредности за изработка на УПС СО ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ГРАДБА

Вид на план	Површина на план	Пресметана калкулативна површина од сите фактори во (ха)		Цена за 1 хектар калкулативна површина	**Цена на ПЛАН СО ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ГРАДБА**		Цена за Планска програма	Цена за Ревизија на план
УПС	(ха)	мин	мах	(€)	мин	мах	**%**	**%**
Урбанистички план за село	**1**	3.88	4.80	340	**1.309**	**1.632**	19	19
	5	12.75	17.50	340	**4.335**	**5.950**	15	15
	10	19.75	29.00	340	**6.630**	**9.860**	10,5	10,5
	20	37.00	56.00	340	**12.580**	**19.040**	9,5	9,5
	30	54.00	82.50	340	**18.360**	**28.050**	8,5	8,5
	40	71.00	118.00	340	**24.140**	**40.120**	7,5	7,5
	50	83.75	122.50	340	**28.050**	**44.200**	7,5	7,5
	60	93.00	150.00	340	**31.620**	**51.000**	7,5	7,5
	70	105.00	171.50	340	**35.700**	**58.310**	7,5	7,5
	80	116.00	192.00	340	**39.440**	**65.280**	7,5	7,5
	90	126.00	211.50	340	**42.840**	**71.910**	7,5	7,5
	100	135.00	230.00	340	**45.900**	**78.200**	7,5	7,5

Табела бр.21 за начин на пресметка на цена на урбанистички план со комбинирано уредување на просторот од опфатот на планот

Вид на план	Начин на пресметка на цена на план со комбинирано планирање и уредување на просторот во опфатот на планот
Урбанистички план за село (УПС)	**со генерална и детална регулација со парцелација** - се пресметува според видот на планирање за просторот од опфатот кој се регулира детално или генерално и се зема соодветна вредноста за норма час за изработка на планот
	со генерална регулација и општи услови за градење без парцелација - се пресметува според видот на планирање за просторот од опфатот кој се регулира генерално или со општи услови и се зема соодветна вредноста за норма час за изработка на планот
	со општи услови за градење и регулација на земјиште од општа употреба и градба од јавен интерес без парцелација - се пресметува според видот на планирање за просторот од опфатот кој се регулира со општи услови за градење и се зема соодветна вредноста за норма час за изработка на планот
Урбанистички план за вон населено место (УПВНМ)	со генерална регулација - според табели за пресметка на генерално планирање
Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење	кој се изработува согласно Просторен план на РСМ - според табели за пресметка на генерална регулација
	со детална регулација - според табели за пресметка на детална регулација
	за инфраструктура и супраструктура меѓународна, републичка, регионална и повеќе општинска -според табели за пресметка на општи услови за градење

Табела бр.22 на видови на Урбанистички проект со кој се врши разработка и спроведување на урбанистичките планови

Урбанистички проект (УП)	1	Урбанистичкиот проект **за парцелирано градежно земјиште** на една поголема градежна парцела оформена во урбанистичкиот план;
